Врска
01.12.2017

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 01.12.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица | Број | Прилог | Вредн. |
| НП | 1534/17 | | |


Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 44-5048/1**
**28.11.2017 година**
**Скопје**

**ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.11.2017 година ја разгледа Иницијативата до овластени предлагачи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија под број 1534/17 од 16.8.2017 година и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, во кои е подржана Иницијативата за Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Законот за семејство и Законот за средно образование, ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија", бр. 62/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**ПРИЛОГ 3:**
- Мислење на Министерството за правда
- Мислење на Министерството за труд и социјална политика
- Мислење на Министерството за образование и наука

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ГК

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

До
Влада на Република Македонија
- Генерален секретаријат

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
07-09-2017

| Примено: | 11-09-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| 44- | 5048/3 | | |


Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр.10-6226/2
05.09.2017 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**Предмет:** Доставување на мислење по иницијатива од овластени предлагачи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија

44-5048

Во врска со иницијативата на Народниот правобранител за измена на регулативата која се однесува на малолетнички бракови, Министерството за труд и социјална политика смета дека е потребно спроведување на консултативен процес меѓу надлежните државни институции, организации и здруженијата со цел усогласување на ставовите и мислењата околу потребата од измена на релевантните закони, заради надминување на проблемите во ова област.

Исто така, во насока на решавање на овој проблемот потребно е вклучување на пошироката стручна и научна јавност со цел обезбедување на консензус по предлозите за измени на постојните законски решенија.

По завршувањето на овие процеси, во зависност од утврдените ставови и заклучоци ќе може да се отпочне процес за измена на законските решенија со цел подобрување на состојбата и спречување на малолетничките бракови.

Одговор по иницијативата е доставен до Народниот Правобранител со допис бр. 10-4013/1 од 24.07.2017 година.

Со почит,

МИНИСТЕР
Мила Царовска

Прилог: Одговор на иницијативата до Народен правобранител бр. 10-4013/1 од 24.07.2017 година

Изготвил: Е.Тодорова
С.Спасовска
Контролирал: З.Мемети
Согласен : А.Муча